Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 04/19, 07/19 и 01/21,04/26), по барање на [redacted], Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење (кастрење на надвиснати гранки) на урбано зеленило (јавно зеленило) на дрва на **ул.„Џемаил Максут„бр.2 – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

[redacted], поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/793** од **14.08.2026** година, за кастрење на надвиснати гранки од дрвата на **ул.„Џемаил Максут„бр.2 – Скопје.**

Вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата имаат надвиснати гранки над улицата, како и суви и кршливи гранки кои паѓаат при невреме.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/793/2**
**03.09.2026** година
Скопје
**Доставено до:** Барателот, ЈП “Паркови и зеленило” - Скопје и Архива
Изработил:
**Сандра Димовска**
________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**
________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**
________________

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**
________________